Александар АПОСТОЛОВ

# КОЛОНИЗАЦИЈАТА ВО ПРИЛЕПСКО МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

## I

## Увод

Полунезависното кнежевство Србија, во времето на „уставобранителскиот режим“ кога започнува првобитната акумулација на капиталот, ја засилува својата активност не само за потполно ослободување од турското господство, туку пројавува интерес за проширување на територијата и надвор од границите на Белградскиот пашалак. Познатиот српски политичар Илија Гарашанин, во своето „Начертание“ од 1844 година, дал план на српската државна политика за чии основни идеи ќе се држат граѓанските политички движења и луѓе во XIX и XX век. Според овие идеи ќе се изгради, по обединувањето 1918 година, стара Југославија и на нив ќе се скрши 1941 година“[1].

Според ова „Начертание“ српската држава требало да се стреми да ги припои кон Србија сите српски и несрпски земји што некогаш ги владеел цар Душан. Без револуционерни методи, не водејќи сметка за традициите, посебностите и стремежите на народите што, според оваа концепција, требало да бидат припоени кон Србија, српските граѓански политичари се надевале дека овој нивен програм ќе се оствари постепено.

За да се подготви терен за ова припојување, биле испратени тајни агенти уште во првите години по создавањето на „Начертанието“ во областите на кои рефлектирала српската надворешна политика. Така, во 1845 година бил испратен во Македонија капуќехајата Лазар.[2]

---

1 Васа Чубриловић, Историја политике мисли у Србији XIX века, Београд, 1958, 159.

2 Д-р Климент Џамбазовски, Културно-општествените врки на Македонците со Србија во текот на XIX век, Скопје, 1960, 24. — Капуќехајата Лазар Теодоровић и Стефан Верковић биле првите агенти испратени во Македонија во составот на „Тајната дејност» на уставобранителите во Србија. Во 1867 година Илија Гарашанин тајно испратил во Македонија воени лица кои требало да се запознаат со релјефот на Вардарската долина (с. 70).

Светозар Марковиќ е првата личност што остро ќе ги критикува методите на „припојување“ од страна на српските политичари на неговото време. За името пак на Владимир Кариќ се сврзани и посериозните успеси на српската национална пропаганда во Македонија, во предпоследата деценија на XIX век. Кариќ прв ја дал идејата за колонизрање на српски семејства во поголемите градски центри на Македонија за успешно да ѝ се парира на великобугарската национална пропаганда којашто во тоа време била најјака во Македонија под турска власт. Владимир Кариќ, во својство на референт „за српските работи во Стара Србија и Македонија“ при српското Министерство на просветата и црковните работи (1887—1888), а потоа и српски конзул во Скопје, предлагал (и настојувал неговите предлози да се реализираат) да се испрати извесен број семејства од Србија во Македонија за да, како што вели тој, „од овој мал квасец набргу нарасне голем српски леб“[3].

Лекарот Михаило Шушкаловиќ бил меѓу првите испратен во Скопје во 1891 година лично од претседателот на тогашната српска влада радикалскиот првенец Никола Пашиќ, со порака Шушкаловиќ да создаде таму поволен терен „за да нѐ пречекате кога ќе пристигнеме таму со војската“[4].

Кариќ во својство на српски конзул, а Шушкаловиќ во својство на лекар во Скопје, во првите години од последната деценија на XIX век, направиле токму толку за идејата на колонизација на теренот, колку што било нужно таа континуирано да се пренесе и во XX век, да дозрее, и во поволен момент да започне да се реализира.

Тој поволен момент се укажал по Балканските војни, во времето на краткото владеење на Кралството Србија со Вардарска Македонија 1913—1915 год.), кога на 20 февруари 1914 година била донесена уредба за нејзиното населување. Врз основа на оваа Уредба биле извршени подготовки за населување 12.000 семејства „на новата територија“ (Македонија и Косово). Првата светска војна го попречи колонизирањето на Вардарска Македонија.

Првата светска војна, а особено Октомвриската социјалистичка револуција извршиле силно влијание врз свеста на работниците и селаните. Започнале немирни движења во југословенските земји што се наоѓале во проектот и процесот на создавање на Кралството на Србите, Хрхатите и Словенците, во кои селаните започнале да ја разграбуваат земјата на големопосед-

---

[3] Архив на Југославија, Београд, Фонд Јована Јовановића — „Пижона» — Извештај референта за српске ствари о стању пропаганде у Старој Србији и Маћедонији поднесен господину министру просвете, по његовој наредби. Извештај нока датум 1885 година, 25 март, Београд.

[4] Народној скупштини, писмо од Михаила Шушкаловића, народног посланиси за Округ скопски, септембра 1922, Скопље, 1922, 2.

ниците и да ги раскинуваат феудалните и полуфеудалните аграрно-правни односи што сè уште постоеја во разни форми во некои историски покраини, каква што беше и Македонија.

Буржоаската класа од југословенските земји во новосозданеното Кралство на СХС настојувала да ги изедначи аграрноправните односи на единствената југословенска територија во духот на буржоаските сфаќања и интереси. Затоа побрзала „да ја прими иницијативата од револуционерните раце во одговорни раце, кои ... ќе ја поправат несносната и неодговорната активност на поединците кои од улица многу лесно ја пренесувале во масите“[5].

Владата на Кралството СХС прифатила на 25 февруари 1919 година нацрт за аграрна реформа содржан во „Претходните одредби за подготовка на аграрната реформа“.

Уште во Чл. 1 од овие „Одредби“ се предвидувало укинување на чифчиските односи и се забранувало да се создаваат нови такви односи. Чифчиите биле прогласувани за слободни сопствениц на чифчиската земја.

Прокламираната аграрна реформа започнала да се спроведува во Вардарска Македонија и по пат на колонизацијата на немакедонски семејства доведувани од другите краишта на Кралството. Со оваа специјална мерка во Македонија требало да се создадат услови за денационализација и асимилација на македонскиот народ што имале намера да ја спроведат монархистичките и буржоаските великосрпски кругови.

Од потеклото на субјектите со кои се врши колонизацијата, како и од категоријата на сопственост на објектите на колонизацијата зависи и карактерот на колонизацијата. Според горните елементи, колонизацијата на Вардарска Македонија има внатрешен карактер, но едновремено таа претставува првокласна политичка мерка за однародување и едновремено асимилирање на македонскиот народ во друга народност, во овој случај во српската народност. Поединечните случаи на економска оправданост на колонизирање во никој случај не можат да ѝ дадат економски карактер на оваа инаку првенствена политичка мерка. Од законските прописи што за целите на колонизацијата се донесени може да се потврди горната констатација. Така на пр. во Уредбата за населување на „јужните нови краишта“, донесена на 24 септември 1920 год., како прв официјален законски акт, што исклучиво се однесува на колонизацијата, за месните аграрни интересенти воопшто не се предвидува колонизирање во други реони на Македонија, односно Југославија.

Најбројна категорија субјекти што се предвидувало во законските прописи за колонизирање во Македонија биле добро-

[5] Ђоко Богојевић, Аграрна реформа, Јубиларни зборник живота и рада СХС 1918—1928, Београд 1928, 299.

волците во српската војска во разните војни, како и учесниците во разни востанија пред Балканските војни. Учеството на македонските доброволци во Илинденското востание и во Првата балканска војна не се земало предвид. Најпривилегована категорија субјекти и со најголема компетенција со 10 ха земја на семејство биле четниците. Автоколонистите пак, биле субјекти кои вршеле приватна колонизација. Меѓу нив речиси немало земјоделци туку главно биле интелектуалци и видни политичари и трговци (Кралот Александар, Милан Стојадиновиќ и неговите пријатели и ортаци) за кои не важел максимумот што другите колонисти го добивале — 5, односно 10 хектари земја, туку купувале синори на цели села сосе жив и мртов инвентар (селата Крушевица и Тремник — Неготинско, Демир Капија и села во Струмичко купени од „Бата".)

До крај на 1929 година биле колонизирани на територијата на Вардарска Македонија и 521 семејство оптанти од соседните држави на Југославија.

За објекти на колонизацијата биле определени такви категории земја со чиешто колонизирање биле засегнати интересите на цели населени места и на поединци за што биле покренати бројни имотно-правни спорови што траеле со години.

При спроведувањето на колонизацијата определените комисии не се труделе доволно и до крај да ги расчистат замрсените поседовни односи. Кога се има предвид дека во времето на турското владеење немало земјишен катастар, било тешко да се докаже сопственоста на земјата што ја работеле од памтивек земјоделците од Вардарска Македонија, таа се одземала за целите на колонизацијата.

Со колонизацијата била онеправдана и чифчиската категорија од домашните земјоделци, бидејќи била должна и натаму да им плаќа „хак" на агите и беговите, или пак тие, користејќи резни начини ги продавале чифлизите преку своите полномошници и врз основа на лажни тапии што отпосле им биле издавани во Цариград.

При добивањето земја имале предност оние интересенти кои биле поблиску до власта, или нејзини припадници.

Евиденцијата во процесот на колонизацијата била мошне лоша. Заради тоа останале десетици илјади молби нерешени до 1940 година. При доделувањето земја за колонизација главна улога имала партиската протекција, а често и корупцијата.

При ограничувањето земја за целите на колонизацијата не се имал точен увид за нејзиниот своински статус. Честопати комисиите работеле „по тамина", или врз основа на извештаите од околиските и окружните началници, па зафаќале за целите на колонизацијата цели синори на населени места. Со ова месното население било оштетувано и затоа се јавувал општ револт

што некаде се изразувал во барање да ја напуштат земјата и да се иселат во странство.

За да се ослободат од големиот притисок што го вршеле аграрните интересенти во другите краишта на Југославија, аграрните власти нив ги испраќале во Македонија што предизвикало хаос во спроведувањето на колонизацијата. Едни доаѓале, други се враќале и слично.

При доделувањето земја на колонизираните семејства, аграрните власти понекогаш не биле во состојба да им ги покажат меѓите на доделените имоти. Тоа предизвикувало своеволни постапки од некои од новодојдените колонисти спрема имотите на месното население и револт од последните.

Јавната безбедност во Македонија во тоа време била несигурна. Таа била предизвикана и од самата власт, како и од пропагандите на соседните држави, непријателски расположени спрема Кралството СХС. Масовно бегање на воени обврзници и бројна политичка емиграција од страв пред неизвесната иднина, сето тоа создало илјадници „одметници од Законот". Комитските акции што започнале од 1920 година, разбојничките и качачките банди, што речиси, непречено ограбувале и го убивале, и тероризирале месното население, особено во првите години по војната, создале погодна почва и за своеволија како од страна на некои припадници на власта, така и на некои колонисти сврзани со таа власт. Токму во така создадената атмосфера отпочнала кампања на денационализација и асимилција на македонскиот народ. Градската колонизација, при тоа, играла мошне важна улога. Државната администрација, војската, просветата разните „хумани" и културни друштва и организации биле ангажирани во таа кампања. На колонистите им била доделена посебна улога во оваа работа. Тоа јавно го кажувале најодговорните фактори за колонизацијата. Врховниот повереник за колонизацијата Ѓорѓо Крстиќ, за ова меѓу другото, пишува: „Колонистите се враќаат на своите стари огништа за да го продолжат недовршеното крваво оро . . . Колонизацијата не е прашање на населениците туѓинци кои дошле да бараат леб. Тоа мислење е сосема погрешно . . . Од наше гледиште колонизацијата е првокласно државно прашање на Југот . . . таа спроведува национализирање и асимилирање на тамошните наши краишта . . .„[6]

Во настојувањето да се изврши асимилација, се фалсификуваше историјата на македонскиот народ, се изменија презимињата на луѓето, се даваа само од властите определени имиња на новороденчињата, се преименуваа називи на населени места, или пак се даваа називи на новосоздадените колонии земани од

[6] Ђорђо Крстић, Колонизација у Јужној Србији, Сарајево 1928, 136.

српската историја. Се забрани употребата на македонскиот јазик на јавни места и сл.

Сето тоа предизвикало огорченост кај македонскиот народ спрема новодојдените колонисти и спрема државата воопшто. Ова го користеле врховистичките чети, испраќани од Бугарија, кои вршеле атентати на сообраќајници и врз експонирани лица во оваа кампања, па дури и масовен колеж над невините колонисти. Сето тоа одело на штета на добрите односи меѓу месното и колонизираното население[7].

Во вака создадената атмосфера, бројните буржоаски политички партии на стара Југославија, а пред сè Радикалната и Демократската ,шпекулирале со колонизацијата за сметка на своите партиски интереси и ја претвориле во вистинска афера.

Од ова страдало и месното население и сиромашните колонисти кои биле прогонети ако биле во опозиција на владеачката партија.

Колонистите биле презадолжени, било преку аграрните задруги во кои биле зачленети, било индивидуално. Долгот во 1940 година изнесувал преку 15.209.000 тогашни динари. На некои од нив им биле продавани имотите за долгот.

Колонизацијата имала и стратешки цели. Биле создавани колонии покрај државните граници и важните сообраќајници.

Позитивните страни на колонизацијата се состоеле во применување посовршен начин на обработката на земјата, подобри сорти растенија и добиток, а некаде и подобар начин на живеење. Ова во извесен степен позитивно влијаело и врз месното население.

До крајот на 1940 година на територијата на Вардарска Македонија биле создадени 280 колонии со 4.167 колонизирани семејства.

За целите на аграрната реформа во Македонија до крајот на 1940 година биле земени 153.165 хектари земја. Од оваа земја, на колонистите и на јавните установи им биле разделени 37.622 ха. Останатото било оставено за патишта или утрини, или доделено во замена за одземените имоти на месното население. Како на сопственици, чивчии, обработувачи, им било доделена (всушност нивна) земја во површина од 52.121 хектар на вкупно 18.266 семејства. За колонистите државата изградила 675 куќи, а самите населеници изградиле 2.792 куќи. Другите населеници биле сместени во напуштени куќи од Турците и од други емигранти.

КПЈ ја осудува оваа и ваквата колонизација како политичка мерка со одредена цел на владеачките режими во стара Југославија. Тоа може да се види од сите партиски документи во кои се зборува за оваа колонизација.

---

[7] Колежот на колонистите во . Кадрифаково — Штипско извршен е од врховистичката комитска чета на Јован Брло во јануари 1923 година.

По Втората светска војна народната власт на Нова Југославија изврши ревизија на аграрната реформа и на колонизацијата спроведени во стара Југославија. Се установи дека скоро 2/з од колонизираните семејства во Вардарска Македонија добиле земја или како спроводници на режимската политика од она време, или пак добиената земја не ја обработувале сами туку ја давале под наем на месното население, додека 1/3 од земјоделците ,можеле да ја задржат доделената земја.

## II

## Колонизацијата во Прилепско

За спроведување на колонизацијата во Вардарска Македонија и на Косово, било создаден огромен административно-стручен апарат организиран во хиерархиски ред. На чело на овој апарат стоело таканареченото ВРХОВНО ПОВЕРЕНСТВО ЗА КОЛОНИЗАЦИЈА НА ЈУЖНА СРБИЈА (како што тогаш официјално ја наречувале Вардарска Македонија и Косово) со седиште на врховниот повереник во Скопје. Како ониски органи на оваа институција биле главните поверенства. Прилепско припаѓало на Главното поверенство чиешто седиште се наоѓало во Битола.

Главните претпоставки од кои тргнувале властите на стара Југославија за колонизирање на Прилепско биле следниве:

1. Во Прилепско имало повеќе села населени со турско и муслиманско население воопшто од кое еден добар дел ја напушти Вардарска Македонија по Балканските и по Првата светска војна, или пак настрада во овие војни, та некои имоти останале како „трајно напуштени".

2. Селата од рамнинскиот-полскиот дел на Прилепско имале прилично големи површини под утрина кои биле неплодни било заради честите наводнувања во зимскиот период, било затоа што не биле култивирани, та властите од Кралството на СХС сакале да ги населат и преку населениците и да ги култивираат;

3. Во Прилепскиот крај, во текот на Првата светска војна, од бугарската окупаторска власт биле интернирани голем број семејства, а некои дури биле и физички ликвидирани, па повоената власт сакала на некој начин да ги задоволи преживеаните доделувајќи им земја во непосредна близина на нивните живеалишта; и

4. Македонското население од Прилеп и Прилепско во минатото било познато по својата револуционерност во борбата

за отфрлување на турското господство, како и против новите господари од Балканот што се менувале во текот на војните, со цел да се ослободи национално и социјално и од Османлиите и од своите „ослободители“. Меѓу таквото население, требало да се доведат инородни семејства од сите краишта на тогашна Југославија за да претставуваат етничка база за претопувањето на македонското население. Значи, пред сè, преовладувале стратешки и политички цели што си ги поставила колонизацијата во овој крај.

Економската оправданост на таквата колонизација, речиси, била маргинална во однос на претходните цели што сакала со неа да ги постигне ненародната власт.

За да се создадат објективни услови за изведување на замислената колонизација требало да се создаде земјишен фонд на кој ќе се населат дојдените семејства од другите краишта на Југославија и за месните аграрни интересенти. Како објект на колонизацијата требало да послужи земјата погодна за населување. Според аграрно-правниот имовински статус што го имала земјата предвидена за колонизирање, таа била: државна, општинска (под општинска се подразбирало и селската утрина на постојните села) земја во приватна сопственост и така наречена трајно напуштена (безвласничка и качачка“) земја. Во оваа категорија секако била сметана и земјата на македонски бегалци кои не оставиле свои наследници на имотите од каде што избегале. За таква категорија земја се сметала и онаа што била купена или со векови користена под наем, но на која не можеле власниците да го докажат правото на своја сопственост.

Од горниве податоци може да се заклучи дека на територијата на Прилепска околија меѓу двете светски војни биле населени до јуни 1940 година 281 семејство со 1.507 лица. Од нив 62 семејства имале статус на доброволци, а 219 семејства биле „обични колонисти“. Освен на семејства земја му била доделена на едно основно училиште 1 хектар и на една жандармериска станица 3 хектари. За населениците биле изградени нови куќи, вкупно 144, од кои државата изградила 42.

Меѓу доброволците имало 5 семејства на четници на кои им биле доделени 33 хектари земја. За фондот на колонизацијата била ограничена површина од 4.359 хектари земја. Од неа 2.428 хектари била „општинска“ земја, а 1931 хектар „трајно напуштена-безвласничка, односно качачка“ и сл.). Од оваа вкупна површина биле изделени 1.674 хектари.

Компетенцијата на површина земја што ја добивало секое колонистичко семејство била 5 хектари, а за четници 10 хектари. Во зависност од бројот на членовите на семејството, односно од бројот на возрасните машки членови, односно од тоа дали во семејството има деца што се школуваат, како и од други услови (ако сака семејството да насади лозје и сл.) вкуп-

## ПРИЛЕПСКА ОКОЛИЈА

## КОЛОНИЗИРАНИ МЕСТА И ПРЕГЛЕД НА НАСЛЕУВАЊЕТО ПО ГОДИНИ

| Реден број | Нова колонија | Стара населба | Во која год. се населени колонис. | Број на семеј. по години на населувањето и вкупно членови | Од нив | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Доброволци | Обични колонисти |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Александрово | — | 1922 | 28 | — | 28 |
| | ,, | — | 1924 | 7 | — | 7 |
| | ,, | — | 1928/29 | 3 | — | 3 |
| | ,, | — | 1935/36 | 15 | — | 15 |
| | | Вкупно населени | 53 со 266 души | | — | 53 |
| 2 | Караѓорѓево | — | 1922 | 7 | — | 7 |
| | ,, | — | 1924 | 3 | — | 3 |
| | | | 1928 | 2 | — | 2 |
| | | | 1933 | 1 | — | 1 |
| | | | 1934 | 1 | — | 1 |
| | | | 1935 | 18 | — | 18 |
| | | Вкупно населени | 32 со 160 души | | | 32 |
| 3 | Петрово село | | 1922/23 | 10 | | 10 |
| | | | 1924 | 2 | | 2 |
| | | | 1927 | 1 | | 1 |
| | | | 1929 | 2 | | 2 |
| | | | 1933/34 | 7 | | 7 |
| | | | 1936 | 2 | | 2 |
| | | Вкупно населени | 24 со 120 души | | | 24 |
| 4 | Ново Лагово | | 1922 | 15 | 2 | 13 |
| | | | 1928 | 1 | — | 1 |
| | | | 1930 | 1 | — | 1 |
| | | Вкупно населени | 17 со 98 души | | 2 | 15 |
| 5 | Прилеп | | 1921 | 2 | 2 | — |
| | | | 1922 | 4 | 1 | 3 |
| | | | 1923 | 3 | 2 | 1 |
| | | | 1924 | 7 | 6 | 1 |
| | | | 1927 | 1 | 1 | — |
| | | | 1930 | 1 | — | 1 |
| | | | 1936 | 4 | 2 | 2 |
| | | Вкупно населени | 22 со 114 души | | 14 | 8 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Браилово | | 1922 | 5 | — | 5 |
| | | | 1927 | 3 | 3 | — |
| | | | 1928 | 1 | — | 1 |
| | | | 1935 | 3 | 3 | — |
| | | Вкупно населени | 12 со 59 души | | 6 | 6 |
| 7 | | Боротино | 1927 | 1 | 1 | — |
| | | | 1936 | 2 | — | 2 |
| | | Вкупно населени | | 3 со 16 лица | 1 | 2 |
| 8 | | Калино Село | 1925 | 2 со 11 лица | 1 | 1 |
| 9 | | Врбјани | 1936 | 1 со 5 лица | — | 1 |
| 10 | | Заполжани | 1938 | 9 со 46 лица | 4 | 5 |
| 11 | | Сарандиново | 1937 | 18 со 88 лица | 14 | 4 |
| 12 | | Чепигово | 1937 | 18 со 92 лица | 1 | 17 |
| 13 | | Загорани | 1928 | 2 | — | 2 |
| | | | 1929 | 1 | — | 1 |
| | | Вкупно населени | | 3 со 14 лица | — | 3 |
| 14 | | Десово | 1923 | 11 | — | 11 |
| | | | 1925/26 | 2 | 1 | 1 |
| | | | 1928/29 | 1 | 1 | — |
| | | | 1936/37 | 1 | — | 1 |
| | | Вкупно населени | | 15 со 73 лица | 2 | 13 |
| 15 | | Дупјачани | 1926 | 1 со 6 лица | — | 1 |
| 16 | | Мажучишта | 1936 | 5 со 28 лица | 2 | 3 |
| 17 | | Старо Лагово | 1938 | 1 со 6 лица | — | 1 |
| 18 | | Марков Град (секако е Варош. — А. А.) | 1922 | 1 | — | 1 |
| 19 | | Долгавец | 1922 | 1 | — | 1 |
| 2 | | Костинци | 1922 | 1 | 1 | — |
| | | | 1924 | 1 | 1 | — |
| | | Вкупно населени | | 2 со 13 лица | 2 | — |
| 21 | | Црнилиште | 1935 | 1 | 1 | — |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | | Кутлешево | 1924 | 4 | — | 4 |
| | | 1927 | 1 | 1 | — | 1 |
| | | | 1932 | 1 | — | 1 |
| | | | 1923 | 2 | 1 | 1 |
| | | | 1936 | 1 | — | 1 |
| | | Вкупно населени | | 9 со 48 .лица | 1 | 8 |
| 23 | | Галичани | | 11 со 52 лица | 3 | 8 |
| 24 | | Мало Којнари | | 20 со 92 лица | 8 | 12 |
| | | Вкупно во Прилепска околија | | 281 со 1507 лица | 62 | 219 |

ниот број на хектари што добивало едно семејство бил многу поголем.

Населениците биле должни да се зачленат во така наречени аграрни задруги (подоцна наречени агр. заедници), исклучиво создавани од нив и за нив преку кои можеле да добиваат кредити, семе, стручна помош и сл. за унапредување на селското стопанство. Освен тоа населениците биле ослободени за 10 години од данок на државата и дури по тој рок можеле да станат апсолутни сопственици на доделената земја со право со неа да располагаат како што ќе најдат за потребно.

Во поглед на национална припадност потеклото на населениците било хетерогено. Според една статистика што е составена од аграрните власти од времето кога била спроведувана колонизацијата и според официјалните критериуми тогаш за националната припадност, (Македонците и Црногорците биле сметани за Срби), националната и верската припадност изгледала вака: Срби — 525 семејства. Сите тие припаѓале и на православната вероисповест. Хрвати имало 740 семејства кои биле римокатолици. Хрватите главно дошле од Приморската бановина, другите главно од Дунавската, Моравската, а помал дел од Зетската и Вардарската бановина.

Главен фактор при колонизацијата на Прилепско бил Василие Трбиќ „велешки војвода". На негово барање, веднаш по Првата светска војна, тој бил назначен за чиновник на аграрната реформа во Скопје и почнал да одзема земја од Турци и Арнаути и да им ја доделува на своите бивши четници. Во прилепското село Браилово Трбиќ населил 12 семејства на свои приврзаници. Слободната земја околу градот Прилеп Трбиќ им ја разделил исто така на своите приврзаници, а за сите преживеани четници Трбиќ обезбедил земја во скопските села Трубарево и Сарај[8].

[8] Василие Трбић, војвода велешки, Каиро, 1944, 908—911. Мемоарите се во ракопис и се наоѓаат во Институтот за национална историја во Скопје.

Односот меѓу месното население и колонистите не бил добар, особено таму каде што со колонизацијата била стеснета утрината на селата што веќе постоеле, како и во случаи на узурпирање приватна земја од месното население. Со фаворизирањето на новодојдените семејства од страна на властите, а запоставувањето на македонското население се создавал јаз меѓу нив.

Многубројните автори на написи од тоа време ги истакнувале причините за лошиот однос меѓу колонистите и месното население, но одговорните власти и натаму ја продолжиле штетната практика со колонизацијата, предизвикувајќи ги колонистите и месното население на меѓусебни расправи и антагонизам.

Констатирајќи дека властите не доделуваат земја и на месните интересенти, Бошко Аќимовиќ причините за лошиот однос меѓу населениците и месното население ги гледал во следното: „Со доведувањето населеници во селата чии жители и самите имаат нерешени прашања околу егзистенцијата на земјата... сосема природно се предизвикало отпор на месното население и се навлекла нивната омраза спрема населениците, што сето предизвикало антагонизам меѓу едните и другите, бидејќи населеникот ниту сакал, ниту можел ова да го разбере, туку непријателскиот однос на месното население го објаснувал на свој начин, а колку сето ова имало непријатни последици, во секој однос, најдобро му е познато и на Аграрното поверенство и на управните власти...“[9]

Овој антагонизам дошол до израз и во Прилепско. Од него најмногу страдала новата колонија именувана Александрово од штетите што ги правеле месните луѓе на имотите на колонистите.. „Ако колонистот засади овошки, месното население преку ноќ би ги исекло, ако направи ограда, му ја уривале...“[10]

Македонскиот народ, во целост, бил против таквата колонизација, но што се однесува до односот спрема колонистите, тој сепак умеел да прави разлика меѓу оние колонисти кои биле во дослух со власта и имале став на припадници од господаречка нација спрема македонскиот народ, а истовремено биле неработници и обично живееле во градовите, додека земјата ја давале под наем, и другиот дел на сиромашни колонисти коишто биле дојдени во потрага за „насушен леб“. Првата категорија колонисти обично произлегувала од редовите на четниците, пензионирани жандарми, полициски писари, финансиски чиновници, со еден збор „луѓе заслужени за српство“, како што самите се наречувале или како што власта ги квалификувала. Во таа категорија домашниот човек го ставал и целото чинов-

---

[9] Бошко Аћимовић, Летопис округа Тиквешког од 1912—1926 године, Ниш, 1926, 27.

[10] Ђорђо Крстић, цитирано дело, 36 и 56.

ништво за кое сметал дека е најлош паразит и силеџија, дојден со единствена цел да го ограбува и денунцира.

Партиските интереси доаѓале до израз при спроведувањето на колонизацијата, особено при ликвидацијата на чифлиците и нивната употреба за целите на колонизацијата. Народните пратеници, користејќи се со несредената положба во аграрно-правните односи во Македонија, како и со незадоволството на оштетените од колонизацијата селани, истапувале демагошки со колонизацијата за да обезбедат избирачи за идните избори. „Во последно време се чувствува силна нетрпеливост спрема населениците како од страна на староседелците во Прилепска околија (што никако не не изненадува), така и од страна на оделни луѓе, несовесни партизани. Тие луѓе, кои во населувањето на овие краеви не гледаат национален, а со тоа и државен добит, туку само свои тесни партиски желби, запнале од петни жили населениците да се раселат“[11], пишува еден анонимен автор.

И покрај извесните привилегии што ги уживале, како и прилично големи површини земја што ја добиле, колонизираните семејства, со оглед на класната и социјалната нееднаквост што постоела во Кралството Југославија, огромниот дел од колонизираните семејства го имале статусот на „поданик“ на буржоаско монархистичката држава и општество, та и тие со сите други југословенски народи ја делеле судбината на подредена и експлоатирана класа. И тие биле ангажирани во предизборните кампањи да земат учество во политичките борби за власт што ги воделе во тоа време бројните граѓански партии. На теренот на Прилепска околија главно имале свој гласачки „резерват“ Радикалната и Демократската партија — и двете буржоаски и двете мошне блиски до дворот.

На една од овие припаѓал и спомнатиот В. Трбиќ, којшто од „војвода“, преку методот на терор потпуп и застрашувања во време на скупштинските избори стана и народен пратеник во неа.

Во услови на терор страдале и непокорните колонисти, со попрогресивни ставови како и месното население кое со нив еднакво ја делело судбината што им ја наложувале ненародните режими.

Аграрната реформа и колонизацијата на Македонија меѓу двете светски војни се претвориле во широка политичка афера, која како таква станала проблем број еден за народната власт

---

[11] Аграрус, Жалосна појава, ,,Аграрни преглед», год. I, бр. 12, Скопље, 1924, 6.

[12] Сите материјални податоци за овој труд се земени од Архивот на Југославија — Белград, Фонд Министерство на аграрната реформа на Кралството Југославија, шифра 96, ф. 21 и други. Копии на ксерокс од овие архивски документи, собрани и подредени во 8 тома од авторот на овој труд, се наоѓаат во: МАНУ, Во Архивот на Македонија и во Библиотеката на ННСГ за историја во Скопје.

во Нова Југославија, која уште во првите години по вооружената борба се зафатила да го реши овој проблем и го решила врз социјалистичките принципи: „земјата на оние што ја обработуваат".

Александар АПОСТОЛОВ

## КОЛОНИЗАЦИЯ В ПРИЛЕПСКОМ КРАЕ МЕЖДУ ДВУМЯ ВОЙНАМИ

Резюме

Во второй половине XIX века соседи Македонии, балканские монархии, стремились при помощ церковно-училищной пропаганды склонить на свою строну македонский народ. Королевство Сербии даже пыталось населить серъские семьи в Македонии, для того, чтобы оние были этнической базой для более успешной пропаганды. После Первой Мировой войны, когда Вардарская Македония вошла в состав Королевства Сербов, Хорватов и Словенцев, началось колонизация Вардарской Македонии семействами которые переселяла власть из всех краев бывшей Югославии.

Преимущество при переселении имели добровольцы в войнах и восстаниях, а потом и обыкновенные колонисты. Каждому семейству давали 5 гектаров земли, а „четникам" по 10 гектаров. При наделении землей никто не считался с местным населением, хотя большая его часть не имела достаточного земли для обработки. Притом в некоторых регионал было много несправедливости по отношению к местному населению так как были заняты сельские пастбища и именяи некоторых семейств. Таким образом была создана вражда между местным населением и колонистами.

До середины 1940 года в Вардарской Македонии были созданы всего 280 колоний доселенцев в которых было 4167 семейств. После II. Мировой войны, в новой Социалистической Югославии эта несправедливость по отношению к местному населению была исправлена ревизией всех документов при помощи которхы были населены колонисты. Результатом такой ревизии две трети колонистов потеряли право на землю, а одна треть и дальше задержала землю и осталась жить в Македонии.

В Прилепском крае колонизация происходила по сугестиям Василия Трбича, четничкого воеводы. Он населял своих четников и других сторонников режима. Для себя же он взял большое имение в селе Браилово

С 1921 года, когда создана первая колония, до середины 1940 года в Прилепском крае были созданы 24 колонии.

Из них 4 был инововоснованные и то: колонии Александрово, Карагеоргиево, Петрово Село, Ново Лагово, а 20 колоний были созданы уже в населенных местностях.

Во всех 24 колониях были населены ксего 281 семейство с 1507 членами.